Архивски број: 08-446/6
Датум: 27-09-2024

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 446/1 од 07.06.2024 година, поднесена од [redacted] во име на [redacted], за заштита од дискриминација во областа на спортот против [redacted] Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 23.09.2024 година, го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** во областа на спортот од страна [redacted] ДОО Скопје кон [redacted]

**О б р а з л о ж е н и е**

На 07.06.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка за заштита од дискриминација во областа на спортот, од страна на подносителот [redacted] во име на неговиот малолетен син – [redacted] против [redacted] Скопје.

Во претставката се наведува дека малолетниот син на подносителот, [redacted] бил член на фудбалската школа [redacted] Родителот, односно подносителот на претставката на 05.06.2024 година преку Viber група за координација на родители поставил прашање во врска со претстојниот распоред на планирани натпревари. На истото добил одговор од страна на управителот на [redacted] – [redacted] кој за подносителот бил нејасен, а по кратка преписка управителот одговорил дрско и автократски дека тој е газда и дека подготвува исписница за неговиот син и дека го исклучува од клубот, без пристап на терените на фудбалската школа. Подносителот на 06.06.2024 година лично ја подигнал исписницата и оттаму добил објаснување дека тоа е нивна школа и ќе прават како што сакаат со децата што тренираат. На тоа подносителот ги информирал дека како правно лице подлежат на обврските предвидени со Законот за спортот и Закон за облигационите односи, а од страна на подносителот се исполнети сите обврски како што се платена членарина за тековниот месец, редовно платени членарини за останатите месеци и континуирано присуство на тренинзи. Врз основа на наведеното во претставката, подносителот тврди дека е извршена дискриминација кон неговиот син со исклучување од фудбалската школа и повреда на законска регулатива.

Во прилог на претставката беа доставени следните докази: Исписница за фудбалерот [redacted] Тековна состојба на Друштво за спортско и рекреативно образование [redacted] Скопје издадена од Централен регистар на РСМ и

потврди од извршени трансакции на име членарина за [redacted] за месеците март, април, мај и јуни 2024 година.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 18.06.2024 година испрати Барање за произнесување по наводите од претставката со бр. 08 - 446/2 до [redacted] ДОО Скопје. До посочениот дискриминатор беа направени два обида за писмена достава по пошта на наведената адреса од претставката – [redacted] Писменото беше во двата наврати вратено од поштата со назнака „недоволна адреса“. Поради тоа Комисијата на 09.08.2024 година испрати Барање за доуредување на претставката до подносителот и со истото го задолжи да ја доуреди претставката со точна адреса на посочениот дискриминатор.

На 19.08.2024 подносителот достави поднесок за доуредување на претставката до Комисијата со бр. 08 – 446/4, со кој достави: Тековна состојба на правното лице [redacted] Скопје; Историја на промени на правното лице [redacted] Скопје и преглед на даночен обврзник од веб страницата на УЈП за правното лице [redacted] Скопје. Во сите доставени прилози наведена беше адресата [redacted]. Од тие причини Комисијата направи електронска достава на Барањето за произнесување со бр. 08 – 446/2 на мејл адресата на друштвото.

На 04.09.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок за произнесување по претставката од страна на [redacted] Скопје преку полномошник адвокат [redacted]

Во поднесокот за произнесување се наведува дека подносителот во претставката истакнал паушални наводи за сторена дискриминација, пропуштил да соодветно да го опише дејствието на дискриминација и да достави соодветни докази во потрепа на наводите. Со поднесокот се потенцира дека подносителот не навел и опишал дискриминаторска основа, односно дека истата не постои и оттука не може да стане збор за дискриминација. Поради тоа спорат дека товарот на докажување, согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација не е префрлен врз посочениот како дискриминатор. Во однос на опишаниот настан во претставката се појаснува дека истиот е резултат на претходно изразено незадоволство од страна на родителот, односно подносителот на претставката во врска со начинот на кој се воделе тренинзите и натпреварите од страна на тренерите. Тврдат дека детето [redacted] со статус на фудбалер – аматер легитимно бил испишан, имајќи предвид дека родителот не се согласувал со начинот на кој се одржувале тренинзите и натпреварите на време на летниот период, како и револтот дека распоредот на активности за летниот период однапред не бил познат. Во врска со тоа се истакнува дека на родителот му било посочено дека натпреварите под капа на ФФМ не ги закажуваат тренерите лично, како и дека станува збор за детски аматерски фудбалски тим и поради тоа не би било спорно или проблематично доколку декое од децата не присуствува на сите закажани натпревари и тренинзи. Се потенцира дека испишувањето од клубот било на барање на родителот, кој исто така веднаш престанал

да го носи детето на тренинзите одржувани во клубот. Во поднесокот се појаснува дека засновањето на соработка и прекинот на истата меѓу клубот како организатор и родителите на децата како корисници на услугите на организаторот, се остварува единствено врз база на слободна волја и почитување на правилата на клубот. Во врска со наводот од претставката дека подносителот ги подмирил сите облигациони обврски, се истакнува дека тоа не претставува пречка за прекин на користење на услугите под околности на почитување на правилата на клубот. Врз основа на наведеното, како и фактот што подносителот не го конкретизирал дискриминаторскиот основ, обликот на дискриминација и дејствието за извршување на дискриминација се тврди дека во конкретниот случај не била извршена дискриминација.

Од утврдената фактичка состојба Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира дека подносителот на претставката не го направил веројатно тврдењето за дискриминација. За да се стори веројатно тврдењето за извршена дискриминација, и за да премине товарот на докажување од подносителот на претставката кон потенцијалниот дискриминатор, во смисла на член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, **подносителот треба да докаже дека постои јасна причинско – последична врска помеѓу дискриминаторските основи и настанатата повреда**. Освен тоа, за да постои веројатност за дискриминација потребно е да постои и каузалност помеѓу понеповолно постапување и настанатата повреда, односно штета за подносителот, како и поврзаност помеѓу понеповолното постапување и дискриминаторската основа. Во конкретниот случај воопшто не е наведена дискриминаторска основа, односно заштитна карактеристика на [redacted], во смисла на член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. **Во недостаток на дискриминаторска основа и докажано понеповолно постапување не може да стане збор за дискриминација.**

**Дискриминаторска основа - член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**: *„Се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа."*

Оттука произлегува дека не е исполнета законската **дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство* ***што се заснова на дискриминаторска основа****, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група* ***на еднаква основа со други.*** *Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително*

*и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Заради наведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација во областа на спортот од страна на [redacted] Скопје кон [redacted]

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- [redacted]
- 